Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 65/0306
17.02.2020 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 11 февруари 2020 година, врз основа на примена жалба од Вики Видосава Антоновска против интернет – порталот „Шило Магазин“ ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 15 јануари 2020 година, Вики Видосава Антоновска поднесе жалба за текстот со наслов „Скандал во охридски ресторан: Командир и инспекторка не сакале да ја платат сметката, па се заканувале дека ќе го затворат ресторантот“, објавен на 31 декември 2019 година, на интернет – порталот „Шило Магазин“ (www.shilomagazine.com.au).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи говор на омраза, неточно и нефер известување, нарушување на приватноста, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет - порталот „Шило Магазин“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот одговори на наводите на жалителот и, воедно, изрази подготвеност да го исполни барањето на подносителот на жалбата, односно да ја отстрани оспорената содржина, што беше и сторено од страна на „Шило Магазин“.

Во својот одговор, меѓу другото, интернет-порталот потенцира дека оспорената информација им била испратена од самиот сопственик на ресторанот, кој алармирал дека командир и инспекторка се заканувале и не сакале да ја платат сметката во неговиот локал. Од „Шило Магазин“, воедно, додаваат дека фотографијата, објавена во рамките на текстот, потекнува од „Фејсбук“ профилот на сопственикот на ресторанот, а дека тие, како медиум, не спомenале ничие име и презиме.

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот процес на медијација, треба да служи како пример за решавање слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

Во исто време, Комисијата ја цени и во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да се коригираат, кога ќе се утврди пропуст во содржината. На тој начин, новинарот го штити сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот во кој што работи.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595